**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401,

Бр. 08-438/1
22-02-2024
Скопје

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 и Сл. весник на РСМ бр.178/2021), член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научните, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Универзитетски гласник бр. 411/2018) и член 114 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 и Сл. весник на РСМ бр.178/2021), Деканот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, распишува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

За избор на еден демонстратор за студиската програма по преведување и толкување по предметот:
- Толкување од германски В на македонски јазик 2 (0+2);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по преведување и толкување по предметот:
- Толкување од германски В на македонски јазик 4 (0+1);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по преведување и толкување по предметот:
- Теорија на преведување и толкување 2 (германски јазик) (0+1) и Стручна терминологија за преведувачи и толкувачи 4 (медицина) на германски јазик (0+1)

Кандидатот за демонстратор треба да ги исполнува општите услови утврдени со Законот за високото образование (Сл. Весник бр.82/2018) и посебните услови утврдени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнти и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.411).

Кон пријавата кандидатот треба да достави:
- биографија;
- доказ дека е студент на втор или на трет циклус студии;

- уверение за завршен прв циклус студии со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум);

Пријавата и прилозите кон неа се поднесуваат во 4 (четири) примероци во Архивата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во рок од 5 дена од објавувањето на огласот.

Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определени со распоредот на работни задачи за тековната учебна година, односно семестар.

Факултетот и демонстраторот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски.

Ненавремените и некомплетни документи нема да се земат предвид за разгледување.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет

проф. д-р Владимир Мартиновски